У-6.бр.1255/2020

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Марта Телеграфчиска - претседател на советот, Рамије Цара и м-р Ѓоко Живковски - членови на советот, со записничар – виш судски соработник Добрила Бришковска Арсова, решавајќи Предлогот за издавање на времена мерка за одлагање на извршување на Одлуката за избор на најповолна понуда за јавна набавка на услуги согласно критериумите утврдени во тендерската документација, за Услуги за складирање и чување на документација за постапка со арх.број 02-167/2 од 08.06.2020 година поднесен од тужителот Друштво за скенирање, обработка и складирање на документи КОНТЕГО ДОО Скопје преку полномошник адвокатско друштво ТРПЕНОСКИ од Скопје, на седницата на советот одржана на 27.07.2020 година, согласно член 29 став 2 од Законот за управните спорови, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

Предлогот за издавање на времена мерка поднесен од тужителот Друштво за скенирање, обработка и складирање на документи КОНТЕГО ДОО Скопје, за одлагање на извршување на Одлуката за избор на најповолна понуда за јавна набавка на услуги согласно критериумите утврдени во тендерската документација, за Услуги за складирање и чување на документација за постапка со арх.број 02-167/2 од 08.06.2020 година, СЕ ОТФРЛА КАКО НЕДОЗВОЛЕН.

## О б р а з л о ж е н и е

Тужителот со тужба за управен спор заведена под У-6 бр.1256/2020, ја оспорува законитоста на Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки број 09-598/27 од 24.06.2020 година поради суштествени повреди на одредбите на постапката за доделување на договор за јавна набавка, погрешно и нецелесоно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог Судот тужбата да ја уважи, оспореното решение го поништи и предметото да го врати на повторно разгледување и одлучување.

Кон тужбата тужителот достави и посебно барање - Предлогот за издавање на времена мерка за одлагање на извршување на Одлуката за избор на најповолна понуда за јавна набавка на услуги согласно критериумите утврдени во тендерската документација, за Услуги за складирање и чување на документација за постапка со арх.број 02-167/2 од 08.06.2020 година донесена од првостепениот орган ЈЗУ Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија Скопје, заведена во Судот под У-6.бр.1255/2020.

Управниот суд постапувајќи по Предлогот за издавање на времена мерка на тужителот, најде:

Предлогот за издавање на времена мерка треба да се отфрли како недозволен.

Согласно член 3 став 1 точка 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на РМ“ бр.96/2019), во управен спор судот одлучува за законитоста на конечните поединечни управни акти кои директно влијаат на правниот статус на тужителот, односно со кои се решава за правата, обврските и правните интереси на тужителот.

Согласно член 28 став 1 од Законот за управите спорови тужбата по правило не го спречува извршувањето на актот против кој е поднесена, освен ако со закон не е поинаку уредено.

Согласно членот 29 став 5, на барање на тужителот, судот ќе го одложи извршувањето на оспорениот акт до донесувањето на правосилна одлука, доколку со извршувањето на актот би му се причинила на тужителот штета кој тешко може да се надомести.

Имајќи ги предвид погорецитираните законски одредби Управниот суд најде дека во случајот предлогот за издавање на времена мерка е недозволен од причина што барање за времена мерка може да се истакне само против оспорениот конечен акт против кој е поднесена тужбата. Имено видно од тужбеното барање судот утврди дека тужбата е поднесена против конечно решение на второстепен орган додека барањето за издавање на времена мерка се однесува на одлука донесена од првостепен орган која не е конечна во управната постапка.

Од погоре наведеното, Судот оцени дека во овој случај предлогот за донесување на времена мерка треба да се отфрли како недозволен, поради што следуваше согласно членот 29 став 2 од Законот за управните спорови да се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Со оглед дека при одлучувањето судот го отфрли предлогот за издавање на времена мерка како недозволен, судот го донесе решението без да одржи расправа.

РЕШЕНО ВО УПРАВЕН СУД на 27.07.2020 година под У-6.бр.1255/2020.

Записничар - виш судски соработник Добрила Бришкоска Арсова

Претседател на совет - Судија Марта Телеграчвиска

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение е дозволена жалба во рок од 3 дена од денот на доставувањето на истото, преку овој суд до Вишиот управен суд.

Решението да се достави на:
- тужителот-преку полномошник
- тужениот орган

Претседател на совет - Судија
Марта Телеграчвиска

ЕДП/

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ 10 SHKUP GJYKATA ADMINISTRATIVE REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува Судски службеник
4